Заедници инклузивни за млади

Барање. бр. IPA/2021/430-552
Датум: 18.09.2023

Предмет: Повик за ангажирање на експерт за изработка на методологија за мерење на индексот на социјална вклученост на младите на локално ниво за потребите на проектот „Заедници инклузивни за млади“

Почитувани,

Националниот младински совет на Македонија Ве поканува да доставите понуда за експерт за изработка на методологија за мерење на индексот на социјална вклученост на младите на локално ниво за потребите на проектот „Заедници инлузивни за млади“

1) Понудата треба да ги содржи следниве информации:
- Финансиска понуда (документ во прилог, анекс 2)
- Тековна состојба на добавувачот (доколку е правно лице), не постара од една година;
- Кратка биографија на експертот со референци;
- Потпишана изјава за ексклузивност и достапност, (документ во прилог, анекс 3)
- Потпишана изјава (доколку се работи за правно лице) дека нема правни пречки за реализација на активноста (документ во прилог, анекс 4);[1]

На повикот имаат право да се пријават сите заинтересирани правни и физички лица. Правните лица можат да аплицираат со тим од двајца консултанти. Повеќе детали за условите и начинот на пријавување можете да најдете во документот „Услови за работа“.

Проектите финансирани од ЕУ се ослободени од сите давачки, даноци и такси, вклучувајќи го и данокот на додадена вредност (ДДВ). Оттаму, единечните цени кои вклучуваат ДДВ нема да бидат прифатени.

Понудата се доставува до Национален младински совет на Македонија (ул.Вељко Влаховиќ 7/1-1, 1000 Скопје) скенирана на е-пошта applications@nms.org.mk

Како наслов на електронската порака наведете: „„Апликација за експерт – YILC – назив/име и презиме”.

Документе во понудата доставени по е-пошта треба да се скенирани и со печат и потпис од одговорното лице/понудувачот(доколку е физичко лице).

[1] Доколку понудувачот е правно лице изјавата треба да ја потпише застапникот на правното лице

Документацијата која се поднесува во копија треба да е заверена од понудувачот со печат и потпис од одговорното лице, со назнака „Верно на оргиналот“.

Понудата треба да се достави најдоцна до 02.10.2023 година (понеделник).

Сите понудувачи кои доставиле понуди кои ги исполнуваат условите ќе бидат разгледани од страна на евалуционата комисија и соодветно известени.

Со почит,
Национален младински совет на Македонија